ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УпIБр. 18/25-6*
*30.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен**
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: бул. „Партизанска", ул. „Партизанска"- крак и пешачка патека, ул. „Борис Кидрич", ул. „Пиринска/"

Границите на опфатот се движат по:

- од северозападна страна по осовина на бул. „Партизанска"
- од североисточна страна по осовина на ул. „Пиринска"
- од југоисточна страна по осовина на ул. „Борис Кидрич"
- од југозападна страна по осовина на дел од ул. „Партизанска" крак и „Сане Ѓорѓиев" крак 2.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 0,77 ха.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: бул. „Партизанска", ул. „Партизанска"- крак и пешачка патека, ул. „Борис Кидрич", ул. „Пиринска/" ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 33 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 19 јуни 2025 (четврток) до 21 јули 2025 год (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 9 јули (среда) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*